

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025

WWW.DPD.ORG.MK

ИЗВРШНО РЕЗИМЕ 2025

Во текот на 2025 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе ја зацврсти својата улога како клучен доброволен капацитет во системот за противпожарна заштита и цивилна безбедност во Република Северна Македонија. Делувајќи во услови на зголемени климатски ризици, пораст на шумски и урбани пожари и ограничени институционални ресурси, организацијата обезбеди навремени интервенции, континуирана превенција и активно вклучување на заедницата.

Во текот на годината, ДПД Свети Николе реализираше оперативни противпожарни и технички интервенции, спроведе обуки и вежби за јакнење на подготвеноста на доброволните кадри, како и едукативни активности насочени кон деца, млади и поширокатa јавност. Посебен акцент беше ставен на превенцијата, подигањето на јавната свест и градењето култура на безбедност и солидарност.

Организацијата ја зајакна и својата проектна и меѓународна димензија преку партнерства и иницијативи насочени кон институционален развој, родова инклузија и унапредување на капацитетите на доброволното противпожарство. Финансиското работење во 2025 година беше спроведено транспарентно и одговорно, со рационално користење на средствата во јавен интерес.

Паралелно со оперативното делување, организацијата во 2025 година активно реализираше и развиваше национални и меѓународни проекти и иницијативи насочени кон јакнење на капацитетите, унапредување на превенцијата, родова инклузија и зајакнување на отпорноста на заедницата.

Овој Годишен наративен и финансиски извештај ги прикажува клучните активности, резултати и предизвици во работењето на ДПД Свети Николе во 2025 година, како и стратешките приоритети за понатамошен развој и јакнење на безбедноста и отпорноста на локалната заедница.



НАШАТА МИСИЈА

ДПД Свети Николе ја унапредува безбедноста на заедницата преку превенција, едукација, интервенција и иновативна примена на технологии, со посебен фокус на младите.

НАШАТА ВИЗИЈА

Свети Николе да биде безбедна, климатски отпорна и дигитално подготвена заедница, во која граѓаните активно учествуваат во превенција и заштита од пожари и останатите елементарни непогоди.



- ПОФИЛ НА ДПД СВЕТИ НИКОЛЕ

Доброволното противпожарно друштво Свети Николе е непрофитна, хуманитарна и доброволна организација која повеќе децении активно придонесува кон противпожарната заштита, превенцијата и безбедноста на локалната заедница. Организацијата делува во јавен интерес и претставува значаен комплементарен капацитет во системот за противпожарна и цивилна заштита.

ДПД Свети Николе функционира врз основа на доброволно учество, професионални стандарди и тесна соработка со локалната самоуправа, надлежните институции и партнерските организации. Активностите на друштвото опфаќаат оперативни противпожарни и технички интервенции, превентивни мерки, едукативни програми, обуки и јакнење на капацитетите на доброволните противпожарни кадри.

Организацијата делува на територијата на општина Свети Николе и пошироко, во зависност од потребите и координацијата со надлежните служби. Во своето работење, ДПД Свети Николе се води од принципите на солидарност, одговорност, транспарентност и континуирано унапредување, со јасна ориентација кон безбедноста на луѓето, заштитата на имотот и зачувувањето на животната средина.

КОНТЕКСТ 2025 – ПОЖАРИ, КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ И РИЗИЦИ ЗА ЗАЕДНИЦАТА



Годината 2025 беше обележана со зголемени климатски и безбедносни ризици, кои директно влијаеја врз зачестеноста и комплексноста на пожарите и другите вонредни состојби. Продолжените сушни периоди, високите летни температури и променливите временски услови создадоа услови за пораст на шумски и отворени пожари, како и зголемен ризик по животната средина, имотите и безбедноста на целокупнот население.

Покрај климатските фактори, локалната заедница се соочи и со структурни предизвици, вклучувајќи ограничени институционални ресурси, стареење на инфраструктурата и зголемени потреби за превенција и навремена реакција. Во таков контекст, улогата на доброволните противпожарни друштва доби уште поголемо значење како комплементарен и флексибилен капацитет во системот за противпожарна и цивилна заштита.

Во 2025 година, превенцијата, раната интервенција и подигнувањето на јавната свест се покажаа како клучни алатки за намалување на ризиците и последиците од пожарите. Активното вклучување на граѓаните, едукацијата на младите и јакнењето на локалните капацитети претставуваа неопходен одговор на сè покомплексните предизвици со кои се соочува заедницата.

Во вакви услови, ДПД Свети Николе ја прилагоди својата работа кон зголемена оперативна подготвеност, превентивно дејствување и координација со релевантните институции и партнери, со цел навремено и ефикасно справување со ризиците во 2025 година.

ПРЕГЛЕД - ОПЕРАТИВА 2025

Во текот на 2025 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе обезбеди континуирана оперативна подготвеност и навремено дејствување при различни вонредни состојби, со јасен фокус на заштита на животот, имотот и животната средина. Активностите беа реализирани во координација со надлежните институции и со активно учество на доброволните противпожарни кадри. **Интервенции и акции:**

- 34 урбани и шумски пожари успешно локализирани и изгаснати
- 15 технички интервенции,

www.dpd.org.mk

- 250+ доброволни пожарникари вклучени во интервенции, превентивни и логистички активности

Поддршка на заедницата:

- Навремена реакција при ризични настани во урбани и рурални средини
- Асистенција при обезбедување на критична инфраструктура и јавни настани
- Активно присуство на терен со превентивни и информативни активности

Оперативното делување во 2025 година потврди дека ДПД Свети Николе претставува стабилен и доверлив доброволен капацитет, способен да одговори на зголемените ризици и предизвици, особено во услови на климатски промени и ограничени институционални ресурси.

ЕДУКАЦИЈА, ОБУКИ И ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ НА ДПД СВЕТИ НИКОЛЕ

Во текот на 2025 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе посвети значително внимание на едукацијата, обуките и јакнењето на капацитетите како клучни елементи за долгорочна превенција и ефикасно справување со пожари и други вонредни состојби. Активностите беа насочени кон доброволните противпожарни кадри, младите и поширокаата заедница.



Обуки и стручно усовршување:

- Реализирани теренски и теоретски обуки за унапредување на оперативните вештини на членовите
- Учество на 15 членови на меѓународни вежби и обуки поврзани со шумски пожари и управување со ризици
- 50+ членови вклучени во онлајн обуки, форуми и стручни сесии за размена на знаења и искуства

Едукација и подигање на јавната свест:

- Спроведени едукативни активности за превенција од пожари, безбедно однесување и постапување во итни ситуации
- Активно вклучување на деца и млади преку работилници, презентации и интерактивни содржини
- Промоција на култура на безбедност, солидарност и одговорност во локалната заедница


Родова инклузија и вклучување на жените:

Во 2025 година беше направен значаен чекор кон зголемување на учеството на жените во противпожарниот сектор, кој глобално се соочува со сериозен недостиг на женски кадар, особено во директни интервенции и теренски активности. Во соработка со стратешкиот партнер Operation Florian (Обединето Кралство) и Организацијата на жени од општина Свети Николе, беше спроведен пилот-проект за инволвирање на понежниот пол.



Во рамки на оваа иницијатива беа реализирани четири работилници во **Свети Николе, Охрид, Дојран и Струмица**, со фокус на:

- запознавање со улогата на жените во противпожарството
- јакнење на самодовербата и мотивацијата за активно учество
- рушење на стереотипите и промоција на еднакви можности



Јакнење на организациските капацитети

- Континуирано унапредување на внатрешните знаења и процедури
- Развивање на капацитети за проектно работење и меѓународна соработка

Овие активности придонесоа кон создавање пообучени, мотивирани и инклузивни доброволни противпожарни тимови, подготвени да одговорат на зголемените ризици и предизвици во заедницата.

ПРОЕКТИ

Во текот на 2025 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе одигра значајна улога во реализацијата на национални и меѓународни проекти кои имаат суштинско значење за системскиот развој, дигитализацијата и унапредувањето на капацитетите на противпожарниот и секторот за итни состојби во Република Северна Македонија и поширо.

- SMART Balkans – **„Градење на безбедна иднина“**

Во рамки на проектот финансиран од SMART Balkans, беше спроведено сеопфатно национално истражување и анализа на противпожарниот сектор во Република Македонија. Истражувањето опфати вкупно 58 противпожарни станици, од кои 34 професионални и 24 доброволни, со цел првпат системски да се мапираат човечките, техничките и организациските капацитети на секторот.

Како резултат на истражувањето:

- изработена детална Анализа со клучни наоди, предизвици и препораки за развој на секторот; креирана национална веб-платформа
– pozarni.mk, која претставува дигитална база на податоци за противпожарните капацитети и ресурсите во државата.

Овој проект постави темели за транспарентност, подобро планирање, застапување и донесување одлуки базирани на податоци, и претставува значаен исчекор кон модернизација и поврзување на противпожарниот систем.

- Erasmus+ **проект** – GROWTH

Во рамки на Erasmus+ проектот GROWTH, ДПД Свети Николе активно учествуваше во развојот и имплементацијата на 3 (**Building fire, Confined space and First Aid**) од 16 едукативни модули поврзани со пожари, затворени простори, прва помош и други ризици.

Клучни резултати:

- реализирани се две меѓународни обуки во Беране (Црна Гора) и Кавала (Грција); на обуките учествуваа 10 членови на ДПД Свети Николе;
- креирана е онлајн платформа за учење https://growtherasmus.eu/, која овозможува: следење на модуларни курсеви, онлајн тестирање, добивање сертификати за успешно завршени обуки.

Проектот GROWTH придонесе кон стандардизација на знаењата, зголемување на достапноста на обуки и јакнење на дигиталните капацитети за континуирано учење.

- Erasmus+ **проект** – ENSURE

Проектот ENSURE, финансиран преку програмата Erasmus+, е насочен кон унапредување на вештините и подготвеноста на одговорните за итни случаи, преку иновативни образовни пристапи и меѓународна соработка.

Во текот на 2025 година:

- реализирани две меѓународни работилници во Патра (Грција) и Лимож (Франција);
- спроведени се 3 (три) истражувачки анкети (Surveys), насочени кон идентификација на потребите, празнините во знаењата и приоритетите за добивање на стандардизирани протоколи и обуки на беабедносните служби.

Активностите во рамки на ENSURE создаваат основа за развој на нови алатки, курикулуми и методологии, кои ќе придонесат кон повисоко ниво на подготвеност и ефикасност во справување со кризи и катастрофи. https://ensure-project.eu/





- ИНТЕРНАЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Во текот на 2025 година, ДПД Свети Николе продолжи со активно јакнење на меѓународната соработка, препознавајќи ја како клучен инструмент за долгорочен развој, трансфер на знаења и усогласување со меѓународни стандарди во противпожарниот сектор и управувањето со кризни ситуации. Продолжи континуираната комуникација со Dubai Civil Defense, во насока на отпочнување на заедничка иницијатива за сеопфатен развој на секторот во Република Македонија. Разговорите се фокусираа на повеќе аспекти, вклучително институционален развој, обуки, технички капацитети, дигитални решенија, развој на вештачката интелигенција и стратешко планирање, со цел креирање одржлив и модерен модел за унапредување на секторот.



Во рамки на меѓународните активности, беше остварена и средба со амбасадорот на Република Австрија, како и со претставници на противпожарниот сектор од Тирол, Австрија. Средбата овозможи размена на искуства и отвори можности за идна соработка во областа на материјално техничка опременост, спроведување на обуки, институционално јакнење и примена на добри европски практики .

Дополнително, во текот на 2025 година беа изработени конкретни планови за идни активности со стратешкиот партнер Operation Florian, со јасно дефинирани насоки за соработка во 2026 година. Планираните активности опфаќаат опремување на неколку единици со возила и опрема, реализација на обуки, поддршка во развојот на капацитетите и заеднички иницијативи насочени кон зајакнување на доброволното противпожарство.

Овие меѓународни контакти и партнерства ја зацврстуваат позицијата на ДПД Свети Николе како релевантен и кредибилен партнер на меѓународната сцена, придонесувајќи кон долгорочна безбедност, отпорност и одржлив развој на противпожарниот сектор во државата.

www.dpd.org.mk

МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ И НАДВОРЕШНА ВАЛИДАЦИЈА



Со поддршка од Кралството Норвешка преку програмата SMART Balkans, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе изработи сеопфатна анализа на противпожарниот сектор во Република Северна Македонија, при што беа идентификувани клучните предизвици и можности за негова модернизација.

Како резултат на оваа активност беше креирана платформата Pozarni.mk – првата веб-платформа од ваков вид во Република Северна Македонија, наменета за противпожарниот сектор. Платформата овозможува централизирање на податоци, промоција на транспарентноста и поддршка на стратешки подобрувања во областа на противпожарната заштита и одговорот при итни состојби. Посебна карактеристика на платформата е нејзината интерактивна мапа, која им овозможува на носителите на одлуки, истражувачите и граѓаните визуелно да ја согледаат распределбата на противпожарните единици, опремата и интервенциите на национално ниво, претворајќи ги податоците во практични и применливи сознанија.

Оваа соработка претставува јасен пример за тоа како иновативни решенија базирани на податоци и регионална поддршка можат да придонесат кон побезбедни заедници и зајакнување на локалните институции. Објава на амбасадата на Кралството Норвешка во Белград

FUNDRAISING, DONATIONS AND STRATEGIC SUPPORT

- КОНЕКТ - Скопје

Стратешка поддршка и фондрајзинг во соработка со КОНЕКТ

Во текот на 2025 година, ДПД Свети Николе оствари исклучително значајна и стратешка соработка со организацијата КОНЕКТ – Скопје, која претставува еден од најрелевантните национални актери во областа на корпоративната општествена одговорност, донациите и развојот на фондрајзинг капацитети кај граѓанските организации.

Во рамки на оваа соработка, ДПД Свети Николе учествуваше во организирана фондрајзинг кампања преку платформата OP-OP, поддржана од КОНЕКТ, при што беа собрани вкупно 107.053,00 денари од компании и индивидуални донатори.

Средствата обезбедени преку фондрајзинг кампањата на платформата OP-OP, во соработка со организацијата КОНЕКТ – Скопје, беа стриктно и наменски определени за изградба на гаражниот простор на ДПД Свети Николе, со цел подобрување на условите за чување, заштита и оперативна подготвеност на противпожарните возила и опрема. Изградбата на гаражата претставува стратешка инвестиција со долгорочен ефект врз ефикасноста, безбедноста и одржливоста на доброволното противпожарство во општината.

Покрај поддршката за ДПД Свети Николе, во рамки на истата иницијатива беше спроведена и паралелна донаторска кампања за опремување на неколку доброволни противпожарни друштва, со што беше поттикната солидарноста и меѓусебната поддршка во рамки на доброволниот противпожарен сектор на национално ниво.

Покрај финансиската поддршка, соработката со КОНЕКТ имаше и значајна нематеријална вредност. Организацијата обезбеди:

- медиумска видливост и јавна промоција на доброволното противпожарство и улогата на ДПД Свети Николе преку социјални медиуми и јавни канали;
- поддршка во јакнење на јавната свест за значењето на доброволните пожарникари како еден од столбовите на безбедноста и солидарноста во заедницата.

Дополнително, 25 претставници на ДПД Свети Николе учествуваа на работилници и обуки организирани од КОНЕКТ.

Оваа соработка претставува пример за современ и одржлив пристап кон фондрајзинг, каде што финансиската поддршка е надополнета со знаење, видливост и долгорочен капацитет за развој. Поддршката од КОНЕКТ значајно придонесува кон професионализација на пристапот на ДПД Свети Николе кон донаторите и кон јакнење на довербата на јавноста.







• МАТЕРИЈАЛНА И ЛОГИСТИЧКА ПОДДРШКА ОД ПАРТНЕРИ И ПОДДРШУВАЧИ НА ОРГАНИЗАЦИЈАТА

Во 2025 година, ДПД Свети Николе доби континуирана материјална и логистичка поддршка од локални компании и поддржувачи, кои обезбедија опрема, материјали и услови неопходни за непречено функционирање на организацијата.

Поддршката беше обезбедена од:

- Ава-Сервис – Свети Николе
- Стокиќ Хоум Центар – Свети Николе
- Данита-Ник – Свети Николе
- АЛЕКС – Свети Николе
- ТАБ-МАК – Пробиштип
- CALINA – Свети Николе
- МИК – Свети Николе
- Млекара Николови - Свети Николе
- Мечкуевска куќа „Пуже“ Свети Николе
- Осигурување „Македонија“ - Скопје
- Андонов - Свети Николе
- ЛИОН - Свети Николе

ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЗАЕДНИЦАТА И ЈАВНА АНГАЖИРАНОСТ

Во текот на 2025 година, активностите на Доброволното противпожарно друштво Свети Николе имаа директно и мерливо влијание врз безбедноста, информираноста и отпорноста на локалната заедница. Преку комбинација на оперативно делување, едукација, превенција и јавна комуникација, организацијата придонесе кон зајакнување на довербата меѓу граѓаните и развивање култура на солидарност и одговорност.

- **Влијание врз заедницата**

Зголемена безбедност на граѓаните преку навремени интервенции и превентивно присуство на терен
Подобра информираност за ризиците од пожари и начинот на постапување во итни ситуации
Зајакната доверба во доброволното противпожарство како стабилен и достапен капацитет за поддршка на заедницата

- Едукација и работа со граѓаните

Во 2025 година, ДПД Свети Николе реализираше низа активности насочени кон директна комуникација со граѓаните, со посебен акцент на децата и младите. Преку едукативни работилници, јавни настани и теренски активности, беа пренесени практични знаења за превенција од пожари, безбедно однесување и значењето на навремената реакција.
Овие активности придонесоа кон:

- подигање на јавната свест за причините и последиците од пожарите;
- охрабрување на граѓаните за активно учество во превенцијата;
- градење долгорочна свест за заштита на животната средина и имотот.

- Јавна видливост и медиумска комуникација

Во соработка со партнери и поддржувачи, организацијата ја зголеми својата јавна видливост преку медиуми и социјални мрежи, пренесувајќи пораки за значењето на доброволното противпожарство, потребата од поддршка и улогата на заедницата во градење безбедна средина.
Јавната комуникација имаше важна улога во:

- промоција на позитивни примери на солидарност и доброволна работа;
- привлекување нови поддржувачи и волонтери;
- зајакнување на препознатливоста на ДПД Свети Николе како општествено одговорен актер.

- Пошироко општествено влијание

Активностите реализирани во 2025 година имаа поширок ефект и надвор од локалната заедница, преку споделување на добри практики, учество во национални и меѓународни иницијативи и промоција на доброволното противпожарство како модел на граѓанска ангажираност.
Овој пристап придонесе кон:

- јакнење на меѓусекторската соработка;
- поттикнување солидарност меѓу доброволните противпожарни друштва;
- позиционирање на ДПД Свети Николе како пример за активна и одговорна граѓанска организација.



www.dpd.com.mk

УПРАВУВАЊЕ И ИНСТИТУЦИОНАЛЕН РАЗВОЈ

Во текот на 2025 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе продолжи со системско зајакнување на своите управувачки и институционални капацитети, со јасен фокус на транспарентност, отчетност и одржлив развој. Организацијата функционира согласно важечката национална регулатива и сопствените внатрешни акти, водејќи се од принципите на добро управување и јавен интерес.

- **Организациска структура и управување**

ДПД Свети Николе располага со јасно дефинирана организациска структура, која овозможува ефективно донесување одлуки и координација на активностите. Управувањето се заснова на колективно лидерство, активна вклученост на членовите и јасна распределба на одговорностите меѓу управните тела и оперативните тимови.

- **Транспарентност и отчетност**

Во 2025 година, организацијата посвети особено внимание на унапредување на транспарентноста и отчетноста кон своите членови, донатори и поширокатa јавност. Финансиското работење се реализираше согласно законските обврски, а релевантните информации за активностите и резултатите беа јавно достапни преку официјалните комуникациски канали на ДПД Свети Николе.

- **Институционален развој и јакнење на капацитетите**

Во насока на долгорочна стабилност и професионализација, ДПД Свети Николе работеше на јакнење на институционалните капацитети преку:
подобрување на внатрешните процедури и работни протоколи;
развој на човечките ресурси и поддршка на волонтерите;
унапредување на административните и проектните капацитети;
воведување на современи пристапи во управувањето и планирањето.

- **Партнерства и институционална соработка**

Организацијата продолжи со развој на партнерства со локални, национални и меѓународни институции, граѓански организации и стратешки партнери, со цел подобра координација, размена на искуства и унапредување на противпожарниот систем. Овие партнерства придонесуваат кон поголема институционална препознатливост и интеграција на ДПД Свети Николе во пошироките системи за управување со ризици и вонредни состојби.

- **Континуиран развој и идни насоки**

Управувањето и институционалниот развој остануваат клучен приоритет за ДПД Свети Николе. Во 2025 година беа поставени темели за понатамошно унапредување на организациската зрелост, со цел ДПД да продолжи да функционира како стабилен, транспарентен и доверлив партнер во областа на противпожарната заштита и безбедноста на заедницата.



Регионална соработка и учество во меѓународни иницијативи

Во текот на 2025 година, ДПД Свети Николе го прошири своето присуство и ангажман и на регионално ниво, преку активно учество во иницијативи насочени кон унапредување на истражувањето, безбедноста и институционалната соработка во регионот на Балканот.
Претставници на организацијата учествуваа на првичен координациски состанок во Солун, на кој беа присутни повеќе од 15 партнери – организации и институции од балканските земји, во рамки на иницијативата Balkan Research Federation. На состанокот беа разгледувани основните принципи, мисијата и нацрт-статутот на федерацијата, со цел воспоставување регионална платформа за соработка, размена на знаења и заеднички истражувачки и развојни активности.
Дополнително, ДПД Свети Николе учествуваше и на меѓународна конференција во Александруполис, посветена на прашања од областа на здравјето и безбедноста при работа, каде што беа разменети искуства и добри практики поврзани со управување со ризици, безбедносни стандарди и заштита при интервенции и вонредни состојби.
Овие активности го потврдуваат континуираниот ангажман на ДПД Свети Николе за вмрежување на регионално ниво, активно учество во нови иницијативи и придонес кон градење заеднички пристапи за подобрување на безбедноста, подготвеноста и институционалниот развој во поширокиот балкански контекст.

ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Во текот на 2025 година, финансиското работење на Доброволното противпожарно друштво Свети Николе беше спроведено во согласност со важечката законска регулатива и принципите на транспарентност, одговорност и наменско користење на средствата. Финансиското управување беше насочено кон обезбедување стабилно функционирање на организацијата и поддршка на нејзините основни програмски и оперативни активности.

Извори на финансиски средства

Финансиските средства во 2025 година беа обезбедени преку повеќе извори, вклучувајќи:

- локалната самоуправа Свети Николе
- индивидуални донации од граѓани;
- корпоративни спонзорства и донации од компании;
- фондрајзинг кампањи и платформи;
- поддршка поврзана со реализација на проекти и програмски активности.

Овој диверзифициран пристап кон обезбедување средства придонесе за зголемена финансиска стабилност и намалување на зависноста од единечни извори на финансирање.

Наменско користење на средствата

Сите финансиски средства беа користени строго наменски, во согласност со целите на организацијата и договорените обврски кон донаторите и партнерите. Средствата беа насочени кон:

- оперативни и логистички потреби;
- набавка и одржување на опрема и средства за интервенција;
- поддршка на едукативни, превентивни и јавни активности;
- унапредување на организациските и институционалните капацитети.

Посебно внимание беше посветено на рационално и одговорно управување со ресурсите, со цел постигнување максимален ефект со расположливите средства.

Контрола и финансиско управување

Финансиското работење на ДПД Свети Николе е предмет на редовна административна и сметководствена обработка, при што сите финансиски трансакции се евидентираат, документираат и обработуваат од страна на овластено сметководствено лице. Организацијата применува јасни процедури за финансиска контрола и внатрешна отчетност.

www.dpd.com.mk

Биланс на приходи и расходи					
Ознака	Опис за АОП	Претходна година	Бруто за тековна година	Исправка на вредноста за тековна година	Нето за тековна година
201	- - Расходи I. МАТЕРИЈАЛНИ РАСХОДИ, УСЛУГИ И АМОРТИЗАЦИЈА (202 до 210)	328.065,00			1.031.475,00
202	- - Потрошени материјали	49.360,00			181.429,00
203	- - Потрошена енергија	40.857,00			60.388,00
204	- - Други услуги	77.921,00			51.403,00
210	- - Други материјални расходи	159.927,00			738.255,00
211	- - ДРУГИ РАСХОДИ (212 до 221)	1.388.020,00			1.312.650,00
212	- - Провизија за платен промет	14.706,00			15.200,00
216	- - Надоместоци на трошоците на работниците и граѓаните	1.367.571,00			
217	- - Негативни курсни разлики	5.743,00			7.125,00
219	- - Други расходи				1.290.325,00
222	- - КАПИТАЛНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА (223+224+225)	141.043,00			136.960,00
224	- - Средства за опрема	141.043,00			136.960,00
226	- - ПОМОШТИ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ (227+228+229)	5.000,00			
227	- - Помошти, донации и други давања на субјекти	5.000,00			
230	- - ПЛАТИ И НАДОМЕСТИ НА ПЛАТИ(231+232)				480.181,00
231	- - а) Вкалкулирани плати				480.181,00
235	**- - ВКУПНО РАСХОДИ (201+211+222+226+230+233+234)**	**1.862.128,00**			**2.961.266,00**
236	- - Остварен вишок на приходи- добивка пред оданочување(250 минус 235) ако 250>235	3.184.100,00			1.546.532,00
238	- - Остварен нето вишок-добивка (236-237)	3.184.100,00			1.546.532,00
239	- - Вкупно (235+236) или (235+237) ако 237 е поголемо од 236=252	5.046.228,00			4.507.798,00
243	- - Приходи од камати и позитивни курсни разлики	4.433,00			3.536,00
244	- - Приходи од членарини, подароци, донации и приходи од други извори	3.314.025,00			1.320.162,00
248	- - Пренесен дел од вишокот на приходите од претходната година	1.727.770,00			3.184.100,00
250	- - ВКУПНО ПРИХОДИ 240+243+244+245+246+247+ 248+249	5.046.228,00			4.507.798,00
252	**- - ВКУПНО (250+251)=239**	**5.046.228,00**			**4.507.798,00**
438	- - Број на работници				1,00

www.dpd.com.mk

• ПРЕДИЗВИЦИ И СИСТЕМСКИ НЕДОСТАТОЦИ

И покрај значајниот напредок и остварените резултати во текот на 2025 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе продолжи да се соочува со низа структурни и системски предизвици кои влијаат врз ефикасноста, одржливоста и долгорочниот развој на доброволното противпожарство.

Институционални и системски предизвици

Еден од клучните предизвици останува недоволно системско препознавање и интеграција на доброволните противпожарни друштва во националниот систем за заштита и спасување. Недостатокот на јасни механизми за поддршка, координација и финансирање го ограничува потенцијалот на доброволното противпожарство, и покрај неговата реална улога на терен.

Финансиска одржливост

Финансиската стабилност и понатаму претставува предизвик, особено поради зависноста од донации, проектни средства и фондрајзинг активности. Недостигот од предвидливи и долгорочни извори на финансирање ја отежнува стратешката планираност и континуираното инвестирање во опрема, обуки и човечки ресурси.

Инфраструктура и опрема

Потребата од соодветна инфраструктура и современа опрема останува изразена. Ограничените просторни и технички капацитети, како и потребата од редовно одржување и модернизација на постојната опрема, претставуваат значителен предизвик за оперативната подготвеност.

Човечки ресурси и волонтерство

Доброволниот карактер на организацијата носи и специфични предизвици, вклучувајќи:

- ограничена достапност на волонтерите;
- потреба од континуирана мотивација и задржување на членството;
- потреба од дополнителни обуки и специјализации;
- недоволна застапеност на одредени групи, вклучително и жени, во директни интервенции.

Координација и интерсекторска соработка

Иако постои соработка со институции и партнери, потребно е понатамошно јакнење на формалните механизми за координација, особено во услови на зголемен број на пожари, климатски екстреми и сложени вонредни ситуации. Подобрата размена на информации и усогласување на процедурите останууваат клучни системски потреби.

Климатски промени

Зголемената зачестеност и интензитет на шумските и урбаните пожари, поврзани со климатските промени, создаваат дополнителен притисок врз доброволните противпожарни капацитети. Ова бара постојано унапредување на подготвеноста, опремата и стратегиите за превенција и одговор.

www.dpd.com.mk

ПОГЛЕД КОН 2026 И СТРАТЕШКИ ПРИОРИТЕТИ

Гледајќи кон 2026 година, Доброволното противпожарно друштво Свети Николе останува цврсто посветено на унапредување на својата улога како стабилен, професионален и општествено одговорен актер во системот за противпожарна заштита и управување со ризици. Идните активности ќе се темелат на искуствата од 2025 година, идентификуваните системски предизвици и јасно дефинираните приоритети за развој.

Стратешки приоритети за 2026 година

1. Јакнење на оперативните капацитети

Приоритет ќе биде понатамошно унапредување на оперативната подготвеност преку:

- завршување и ставање во функција на гаражниот простор за противпожарни возила;
- набавка и модернизација на опрема и средства за интервенција;
- подобрување на логистичките и техничките услови за работа.

2. Развој на човечки ресурси и волонтерство

Организацијата ќе продолжи да инвестира во своите членови и волонтери преку:

- континуирани обуки и специјализирани тренинзи;
- стимулирање на активно членство и задржување на волонтерите;
- зголемување на учеството на млади и жени во противпожарните активности;
- јакнење на лидерските и организациските капацитети.

3. Превенција, едукација и работа со заедницата

Во 2026 година, ДПД Свети Николе ќе го засили фокусот на превентивни активности и едукација, со цел намалување на ризиците и штетите од пожари, преку:

- проширување на едукативните програми за деца, млади и граѓани;
- јавни кампањи за подигање на свеста за пожарна безбедност;
- зајакнување на партнерствата со образовни институции и локални чинители.

4. Институционален и системски развој

Еден од клучните приоритети останува унапредување на институционалната позиција на доброволното противпожарство преку:

- застапување за подобра системска интеграција и поддршка;
- унапредување на нормативната и организациската рамка;
- јакнење на меѓусекторската и меѓуинституционалната соработка.

5. Проекти, дигитализација и меѓународна соработка

ДПД Свети Николе ќе продолжи активно да учествува во:

- реализација на тековни и нови проекти;
- развој и користење на дигитални алатки и платформи;
- проширување на меѓународната соработка и размена на добри практики;
- привлекување нови партнерства и донаторска поддршка.

Визија за одржлива иднина

Со јасна стратегија, зголемени капацитети и силна поддршка од заедницата и партнерите, ДПД Свети Николе ја гледа 2026 година како период на понатамошна консолидација, раст и професионализација. Организацијата останува посветена на својата мисија – заштита на животите, имотот, животната средина и градење побезбедна и поотпорна заедница.

www.dpd.com.mk



ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2025



КОНТАКТ:

+389-75-806-621

dpdsvetinikole@gmail.com

dpd_svetinikole

www.dpd.org.mk